Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 95, став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ” бр. 193/16 и 72/2018), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2023 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2023 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2023 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.19/22, 22/22, 3/23, 9/23 , 11/23, 15/23 и 16/23) се вршат следните изменувања:

- **во табелата Расходи со средства од Буџетот на општина Велес**,

Во програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2023 година, вкупниот износ 141.382.248,00 денари останува непроменет.

Во подпрограма Ј Комунални дејности, износот 124.780.097,00 останува непроменет.

Во подпрограма Ј30 Јавно осветлување износот 30.750.000,00 денари се брише и се заменува со 31.550.000,00 денари

Во точка 3 Новогодишно украсување износот 2.500.000,00 денари се брише и се заменува со 3.300.000,00 денари.

Во подпрограма ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот 50.481.542,00 денари се брише и се заменува со 49.681.542,00 денари

Во точка 2 Изградба и реконструкции на улици на територија на Општина Велес со асфалтирање износот 21.500.000,00 денари се брише и се заменува со 20.700.000,00 денари.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5046/3
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.659

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/3
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002год) а во врска со член 33 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016год.) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 44. седница,одржана на 13.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУЏЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
A00	**СОВЕТ НА ОПшТИНА**					
413110	Тековни резерви (разновидни расходи)	10.000	0	0	0	0
464990	Други трансфери	-10.000	0	0	0	0
E00	**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**					
401120	Основни плати - државни службеници	-536.500	0	0	0	0
401320	Персонален данок на доход од надоместоци	64.000	0	0	0	0
404110	Надомест за годишен одмор	51.500	0	0	0	0
404150	Други надоместоци	421.000	0	0	0	0
J30	**ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**					
423990	Други материјали	800.000	0	0	0	0
JD0	**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА**					
482120	Изградба на улици, патишта и автопати	-800.000	0	0	0	0
K10	**БИБЛИОТЕКАРСТВО**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	40.500	0	0
401320	Персонален данок на доход од надоместоци	0	0	10.000	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	-50.500	0	0
K30	**МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	-2.000	0	0
404110	Надомест за годишен одмор	0	0	2.000	0	0
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	280.000	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	80.000	0	0
404110	Надомест за годишен одмор	0	0	-104.380	0	0
421240	Течни горива	0	0	-255.620	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Бр. 25 – 5046/4
14.12.2023г.
Велес

Претседател на Советот на Општината
Зоран Љутков

Бр.660

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/4
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5046/5
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 50 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), Советот на општина Велес, на седницата одржана на 13.12.2023 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година

Член 1

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.17/23), во Главата „IV. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата“, во табелата, во реден број 1, во колоната „Надворешни фондови“, износот „35.995.317,00“ се заменува со износот „27.737.243,00“.

2. Во реден број 1, во колоната „Вкупно“ износот „38.798.141,00“ се заменува со износот „30.540.437,00“.

3. Во реден број 8, во колоната „Надворешни фондови“, износот „7.048.842,00“ се заменува со износот „0,00“.

4. Во реден број 8, во колоната „Вкупно“ износот „12.947.172,00“ се заменува со износот „5.898.330,00“.

5. Во реден број 11, во колоната „Буџет на Општина Велес МКД“, износот „2.882.007,00“ се заменува со износот „3.340.782,00“.

6. Во реден број 11, во колоната „Надворешни фондови“, износот „1.958.775,00“ се заменува со износот „1.500.000,00“.

7. Во редот „Вкупно“, во колоната „Буџет на општина Велес МКД“ износот „19.314.392,00“ се заменува со износот „44.173.545,00”.

8. Во редот „Вкупно“, во колоната „Надворешни фондови“ износот „63.814.425,00“ се заменува со износот „48.048.734,00“.

9. Во редот „Вкупно“, во колоната „Вкупно“ износот „83.128.447,00“ се заменува со износот „107.987.600,00”.

10. Во реден број 11, во колоната „Активност“ зборовите „Изградба на детско игралиште во с.Иванковци и с.Отовица“ се заменуваат со зборовите „Реконструкција на партерно уредување и поставување на урбана опрема, на локација на КП 1017, КО Отовица и на локација на КП 1864/1, КО Иванковци“.

11. По редниот број 13 се додава нов реден број „14“ кој гласи:

12. По редниот број 14 се додава нов реден број „15“ кој гласи:

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5046/5
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

14.	Изградба на локална улица – Декада на Роми	859.153,00	0,00	859.153,00

15	Реконструкција на спортски терени и поставување на урбана опрема на локација КП бр.18164 КО Велес, Општина Велес	24.000.000,00	0,00	**24.000.000**

Бр.661

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/5
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес, на седница, одржана на 13.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлука за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување во Одлуката за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање објавена во „Службен гласник на Општина Велес“ бр.9/22 каде во член 5 бројот „5“ се заменува со бројот „10“.

Членот 6 се менува и гласи „Проценетата вредност на Урбаната опрема, изнесува 26.718.425,оо денари, согласно извештајот за извршена процена на урбаната опрема, изработена од проценителска куќа “Шумантеви” ДООЕЛ Скопје со бр.231065 од 24.11.2023 година.

Почетната цена на месечниот надоместок за времено користење не смее да биде помала од 0.5% од проценетата вредност на урбаната опрема, така што истата изнесува 133.592,оо денари“.

Најповолниот понудувач со кој ќе се склучи договор за времено користење на движните ствари опишани во член 3 во Одлуката, е обврзан да го стави во функција„Еко-кампот со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“ најкасно до 1 мај 2024 година и во овој временски приод е ослободен од плаќање на надоместок.

Член 2

Оваа Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5046/6
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.662

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за утврдување на начинот на давање под закуп на билборди и дигитално паметни рекламни паноа на територија на град Велес и утврдување на почетна цена

Се објавува Одлуката за утврдување на начинот на давање под закуп на билборди и дигитално паметни рекламни паноа на територија на град Велес и утврдување на почетна цена, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/6
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а во согласност со Програмата за поставување на урбана опрема на територија на Општина Велес (Сл. гласник на Општина Велес бр. 05/18,9/18, 7/21 и 17/23) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2023 година, ја донесе следнава

Одлука
за утврдување на начинот на давање под закуп на билборди и дигитално паметни рекламни паноа на територија на град Велес и утврдување на почетна цена

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на давање под закуп на билборди и дигитално паметни рекламни паноа на територија на град Велес.

Според местоположбата/локацијата на која ќе се дозволи поставување на билборди, ќе се утврди еден пакет за кој ќе се спроведе единечно јавно наддавање.

За дигитално паметни светлечки рекламни паноа, заедно со дигитално паметни висечки рекламни паноа-поставени на канделабри, исто така ќе се спроведе единечен пакет за кој ќе се спроведе единечно јавно наддавање.

Член 2

Локациите за поставување на билбордите, се дефинирани со Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес, вкупно 45, кои што се определуваат во еден пакет- во понатамошниот текст Пакет 1.

Поставувањето на дигитално паметните рекламни паноа е утврдено на 5 различни локации, додека дигитално паметни висечки рекламни паноа-поставени на канделабри се утврдени на 22 различни локации и истите се дефинирани со Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес, вкупно 27, кои што се определуваат во еден пакет- во понатамошниот текст Пакет 2.

Член 3

Почетната цена за локациите за поставување на билборди утврдени во Пакет 1,се утврдува на износ од 1 000 000 денари годишно.

Почетната цена за локациите за поставување на дигитално паметните рекламни паноа и дигитално паметни висечки рекламни паноа-поставени на канделабри утврдени во Пакет 2,се утврдува на износ од 300 000 денари годишно.

За секој поставен билборд/ реклама, се плаќа по 1200 денари комунална такса на годишно ниво, согласно Одлуката за начинот и условите за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во Општина Велес и трошоци кои ќе настанат за приклучок и потошена електрична енергија.

Член 4

Правото за поставување на билбордите-рекламните паноа на утврдените локации се доделува за период од 5 години.

Член 5

Општина Велес правото за поставување на Пакет 1, како и правото за поставување на Пакет 2, ќе го додели во постапка по пат на електронско јавно наддавање, со давање на Јавен оглас за давање под закуп на билборди Пакет 1 и рекламни паноа Пакет 2 преку системот Е-СТВАРИ.

Постапката за доделување на правото на поставување на Пакет 1 и Пакет 2 ќе ја спроведе посебно формирана Комисија од Советот на Општина Велес.

Член 6

Комисијата за спроведување на постапката за поставување на билборди и дигитално паметни рекламни паноа на територијата на Општина Велес, ќе биде составена од три члена, од кој 1 член е претставник на општинската администрација и 2 члена на Советот на Општина Велес и истата ја формира Советот.

Комисијата е должна да ја почитува почетната утврдена вредност на правото на поставување на билборди и дигитално паметни рекламни паноа и постапката да ја спроведе во согласност со законските одредби.

Член 7

Право на учество имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои што ги исполнуваат условите дадени во објавата.

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за закупнина на недвижната ствар.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

Член 8

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од петнаесет работни дена по извршената уплата на постигнатата цена за закуп, Градоначалникот на Општина Велес се задолжува да склучи договори за закуп Пакет 1 и Пакет 2. Договорите за закуп во рок од 30 дена се доставуваат кај нотар заради солемнизација.

Член 9

За својата работа Комисијата ќе изготви извештај за спроведената постапка и ќе ја достави до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 10

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлука за утврдување на почетна цена за поставување на билборди и рекламни паноа на територијата на град Велес (Сл. гласник на Општина Велес бр. 15/14)

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5046/7
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.663

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за прифаќање донација

Се објавува Одлуката за прифаќање донација, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/7
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2023 година донесе,

О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација Друштво за производство трговија и услуги РИБНИК ПИНК ДООЕЛ увоз-извоз с.Оморани Чашка.
Донацијата е со вредност од 33.000,00 денари и се состои од два флешери и две сирени за потребите на возилата во ТППЕ.

Член 2

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес и давателот на донацијата Друштво за производство трговија и услуги РИБНИК ПИНК ДООЕЛ увоз-извоз с.Оморани чашка, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Бро 25-5046/8
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.664

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.411 и КП бр.555/1 во КО Чалошево

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.411 и КП бр.555/1 во КО Чалошево, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/8
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ бр.162/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.411 и КП бр.555/1 во КО Чалошево

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарска парцела во опфат на КО Чалошево со намена А5-1-гаража и А5-4-помошен објект, во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.411 и КП бр.555/1 за КО Чалошево

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5046/9
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.665

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 15852 во КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 15852 во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/9
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15 и 52/16) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 15852 во КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена рекреативно зеленило во класа на намена А1 -Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес и тоа:

1. КП бр.15852 за КО Велес

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5046/10
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.666

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12426 и КП бр.12427 во КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12426 и КП бр.12427 во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/10
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ бр.162/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12426 и КП бр.12427 во КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарска парцела во опфат на КО Велес со намена А1-домување во станбени куќи, во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.12426 и КП бр. 12427 за КО Велес

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5046/11
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.667

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2023/2024 година

Се објавува Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/11
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 , 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11) и член 12 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.17/22,18/22 и 16/23) и Годишна програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2023/2024 година бр. 25-4686/2

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2023/2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2023/2024 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За студенти стипендијанти за учебната 2023/2024 година се избираат:

Реден бр.	Студенти	Факултет
1.	Љубенка Ордева	Факултет за медицински науки Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
2.	Тамара Коцевска	Медицински Факултет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
3.	Бојана Кацарова	Факултет за медицински науки-Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
4.	Бојана Спасовска	Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје
5.	Марија Ордева	Филозофски факултет –Универзитет „Св Кирил и Методиј“Скопје
6.	Стојан Стојанов	Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев" Штип
7.	Јован Калајџиев	Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Универзитет „Св Кирил и Методиј“Скопје
8.	Кристина Ивановска	Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје
9.	Филип Петров	Фармацевтски факултет Универзитет „Св Кирил и Методиј“Скопје

2.За ученици стипендијанти за учебната 2023/2024 година се избираат :

Реден бр.	Ученици	Училиште
1.	Марко Поптодоров	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
2.	Марија Нечева	ССОУ ,,Димитрија Чуповски" -Велес
3.	Василка Карталова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
4.	Ана Бошкова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
5.	Дора Пајдакова	ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ - Скопје
6.	Изабела Ѓурчиновски	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
7.	Наумина Стоилковска	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
8.	Марко Димовски	ССОУ „Коле Неделковски“ Велес
9.	Пљокова Јана	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
10.	Бојана Митревска	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
11.	Кристијан Мартинов	СОУ "Гимназија Кочо Рацин" - Велес
12.	Марија Кириќ	ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес
13.	Елена Наумова	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
14.	Матеј Гелев	ПСУ „Јахја Кемал“ Скопје
15.	Бојана Воденичарова	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
16.	Филип Андоновски	ССОУ Димитрија Чуповски Велес
17.	Ана Шопова	ССОУ Димитрија Чуповски Велес
18.	Дамјан Арсеновски	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
19.	Лилјана Филипова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
20.	Сара Секуловска	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
21.	Андреја Нешов	ССОУ „Димитрија Чуповски“ - Велес
22.	Сара Адамчевска	ССОУ „Димитрија Чуповски“ - Велес
23.	Ана Тодорова	ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес
24.	Миа Трајковска	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
25.	Викторија Панзова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес
26.	Стефани Амбаркова	ССОУ ,,Коле Неделковски" Велес
27.	Андреј Митковски	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес

Член 2

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2023/2024 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2023/2024 година.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес, и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел (за месеците 10,11,12 2023 година) во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година (за месеците 1-6) за што со стипендијантите кои ги стипендираат ќе склучат договори.

Средствата од страна на донаторите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел (за месеците 10,11,12 2023 година) во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година (за месеците 1-6) за што со стипендијантите кои ги стипендираат ќе склучат договори помеѓу стипендијантот, донаторот и Градоначалникот.

Член 4

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија, по потпишувањето на договорот.

Член 5

Предлог листата на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 25-5046/12
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.668

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес

Се објавува Решението за разрешување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/12
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 106 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор на ООУ ,,Рајко Жинзифов”с.Долно Оризари, Велес

1. Мурат Каришиќ, претставник на Општина Велес, се разрешува од должност член на Училишен одбор на ООУ ,,Рајко Жинзифов"с.Долно Оризари, Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5046/13
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.669

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за не донесување Решение за именување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов" Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за не донесување Решение за именување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов" Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/13
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не донесување Решение за именување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов" Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес

1.Советот на Општина Велес не го донесе Решението за именување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов" Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" .

Број 25-5046/14
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр.670

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година

Се објавува Решението за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2023 година.

Број 08-5062/14
15.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2023 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 22/22), член 5 став 1 алинеа 3 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 13.12.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година во висина 20.000,00 денари, на име еднократна парична помош на Андријана Стојанова за лекување.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2023 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5046/15
14.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Бр. на акт **Страница**

657	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за утврдување Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2024 година** **З А К Л У Ч О К за утврдување Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2024 година**	1472
658	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2023 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2023 година**	1574
659	**З А К Л У Ч О Кза објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година**	1575
660	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година**	1577
661	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање** **О Д Л У К А** **за изменување и дополнување на Одлука за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање**	1579

Бр. на акт **Страница**

662	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на начинот на давање под закуп на билборди и дигитално паметни рекламни паноа на територија на град Велес и утврдување на почетна цена** **Одлука за утврдување на начинот на давање под закуп на билборди и дигитално паметни рекламни паноа на територија на град Велес и утврдување на почетна цена**	1580
663	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за прифаќање донација** **З А К Л У Ч О К** **за објавување Одлука за прифаќање донација**	1582
664	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.411 и КП бр.555/1 во КО Чалошево** **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.411 и КП бр.555/1 во КО Чалошево**	1582
665	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 15852 во КО Велес** **З А К Л У Ч О К за објавување Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 15852 во КО Велес**	1583
666	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12426 и КП бр.12427 во КО Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12426 и КП бр.12427 во КО Велес**	1584

Бр. на акт **Страница**

667	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2023/2024 година** **О Д Л У К А за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2023/2024 година**	**1585**
668	**З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор на ООУ ,,Рајко Жинзифов”с.Долно Оризари, Велес**	**1588**
669	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за не донесување Решение за именување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес** **З А К Л У Ч О К за не донесување Решение за именување член на Училишен одбор на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари, Велес, претставник на Општина Велес**	**1589**
670	**З А К Л У Ч О К за објавување Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година** **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година**	**1590**

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00